УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА
ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Бр. 02-285/10
25.08.2022 година
Битола

Врз основа на член 110 став 1 точка 10 од Законот за високото образование (Сл. Весник бр.82/18), Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, на седницата одржана на ден 25.08.2022 година ја донесе следната:

# Одлука
за распоред на работните задачи на наставниот кадар
во учебната 2022/ 2023

На наставниот кадар во учебната 2022/2023 се утврдуваат следните работни задачи:

## I
## Изведување настава и испити на прв циклус студии

Наставниците имаат обврска да изведуваат настава и испити на прв циклус студии согласно прилогот со ангажираност на наставниците на прв циклус во зимски и летен семестар 2022/2023 кој е составен дел на оваа одлука.
Термините на одржување на наставата и испитите се одредуваат со Распоред на настава и Распоред на испити.
Распоредот на наставните обврски мора да е распределен во најмалку два работни дена неделно.
Настава се изведува аудиторно доколку предметот го запишале најмалку 10 студенти заклучно со 31 Октомври во зимскиот, односно 15 Март во летниот семестар. Во спротивно наставата се реализира менторски или лабораториски преку консултации со студентите. Доколку наставата се реализира менторски или лабораториски наставникот односно соработникот во термините за настава е должен да биде присутен во својот кабинет или лабораторија и да одржува консултации со студентите кои ќе бидат присутни.

## II
## Менторирање на дипломски работи

Менторирање на максимум 10 дипломски работи во академската 2022/2023 година согласно актите на универзитетот и елаборатите на студиските програми.

## III
## Изведување на настава и испити на втор циклус студии

Наставниците имаат обврска да изведуваат настава и испити на втор циклус студии согласно прилогот со ангажираност на наставниците на втор циклус студии во зимски и летен семестар 2022/2023 кој е составен дел на оваа одлука.
Термините на одржување на наставата и испитите се одредуваат со Распоред на настава и Распореди на испити.

Настава се изведува доколку предметот го запишале најмалку 5 студенти заклучно со 31 Октомври во зимскиот односно 15 Март во летниот семестар. Во спротивно наставата се

реализира менторски преку консултации со студентите во најмалку два наменски термини во текот на семестарот дефинирани со распоред на менторски средби.

**IV**
**Менторирање на магистерски работи**

Менторирање на максимум 12 магистерски работи по ментор во академската 2022/2023 година согласно актите на универзитетот и елаборатите на студиските програми.

**V**
**Изведување на настава и испити на трет циклус студии**

Наставниците имаат обврска да изведуваат настава и испити на трет циклус студии согласно прилогот со ангажираност на наставниците на трет циклус во зимски и летен семестар 2022/2023 кој е составен дел на оваа одлука.
Термините на одржување на наставата и испитите се одредуваат со Распоред на настава и Распоред на испити.
Настава се изведува доколку предметот го запишале најмалку 5 студенти, во спротивно наставата се реализира менторски преку консултации со студентите во најмалку два наменски термини во текот на семестарот дефинирани со распоред на менторски средби

**VI**
**Менторирање на докторски дисертации**

Менторирање на докторски дисертации согласно одредбите од Законот за високото образование, актите на универзитетот и елаборатите за студиските програми.

**VII**
**Часови за консултации со студентите**

Часовите за консултации за наставниците изнесуваат два пати по два часа неделно, распоредени во два работни дена.
Часовите за консултации за соработниците изнесуваат четири пати по два часа неделно, распоредени во четири работни дена.
Часовите за консултации ги предлага самиот наставник или соработник пред почетокот на секој семестар и истите се определуваат во работните денови во периодот од 8 до 19 часот. По правило часовите за консултации треба да бидат во деновите кога наставникот или соработникот има настава, пред или по термините за наставата.
Часовите за консултации јавно се објавуваат на веб страната на факултетот од страна на деканатот

**VIII**
**Учество во органите и работните тела на факултетот**

Учество во органите на факултетот согласно добиените покани за состаноци.
Учество во комисии и други работни тела на факултетот согласно донесена одлука на Деканот, Деканатската управа или Наставно-научниот совет.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

**IX**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01 Октомври 2022 до 30 Септември 2023.

Подготвил: Продекан за настава и студентски прашања вонр. проф. д-р Андријана Боцевска
Проверил: м-р Илче Димовски

**Декан,**

**Ред. проф. д-р Александар Маркоски**

Digitally signed by ALEKSANDAR MARKOSKI

ДН:
- архива
- наставниот кадар
- интернет страната на Факултетот